# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија


**Број 248** **15 октомври 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3225. | **Закон** за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија......................... | **2** |
| 3226. | **Закон** за дополнување на Законот за студентскиот стандард................. | **3** |
| 3227. | **Закон** за дополнување на Законот за ученичкиот стандард.................... | **5** |
| 3228. | **Одлука** за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија... | **7** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-56** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3225.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИТНО СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 октомври 2020 година.

Бр. 08-3577/1
13 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИТНО СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка со заем во износ од 90.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво, со исклучок на периодот од една година од датумот на пресметка на оваа провизија, кога истата ќе изнесува 0%.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната 18 рата во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот ќе се отплаќа на 15 март и 15 септември секоја година.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од членот 1 од овој закон се Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**L I GJ**
**I HUAMARRJES SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT NGA BANKA NDËRKOMBËTARE E RINDËRTIMIT DHE E ZHVILLIMIT – BANKA BOTËRORE SIPAS MARRËVESHJES SË HUAZIMIT PËR FINANCIMIN E PROJEKTIT TË PËRBALLJES URGJENTE ME COVID-19 NË MAQEDONINË E VERIUT**

Neni 1

Republika e Maqedonisë së Veriut merr hua nga Banka Ndërkombëtare e Rindërtimit dhe e Zhvillimit – Banka Botërore në shumën prej 90.000.000 eurosh, të paracaktuara për realizimin e Projektit të përballjes urgjente me COVID-19 në Maqedoninë e Veriut.

Neni 2

Kushtet dhe mënyra e shfrytëzimit të huas sipas nenit 1 të këtij ligji përcaktohen me Marrëveshjen e Huas që do të lidhet ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Bankës Ndërkombëtare të Rindërtimit dhe të Zhvillimit – Bankës Botërore. Në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Marrëveshjen e Huas, sipas paragrafit 1 të këtij neni, do ta nënshkruajë ministri i Financave.

Neni 3

Afati i shlyerjes së huas sipas nenit 1 të këtij ligji është 12 vjet, me grejs periudhë të përfshirë prej tre vitesh.

Shkalla e kamatës është EURIBOR gjashtëmujor me shtrirje variabile.

Pas nënshkrimit të Marrëveshjes së Huas sipas nenit 2 paragrafi 1 të këtij ligji, Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare të Rindërtimit dhe të Zhvillimit – Bankës Botërore përqindje të njëhershme në shumë prej 0,25 % të shumës së huas.

Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare të Rindërtimit dhe të Zhvillimit – Bankës Botërore përqindje në lartësi prej 0,25% të pjesës së patërhequr të huas në nivel vjetor, me përjashtim të periudhës prej një viti nga data e llogaritjes së kësaj përqindjeje, kur i njëjti do të jetë 0%.

Huaja sipas nenit 1 të këtij ligji do të paguhet në 18 këste gjysmëvjetore, prej të cilave 17 këste gjysmëvjetore prej 5,56 % të shumës së huas për çdo këst, ndërkaq kësti i fundit i 18 në shumë prej 5,48 % të shumës së huas. Huaja do të paguhet çdo vit më 15 mars dhe 15 shtator.

Neni 4

Shfrytëzues të mjeteve të huas sipas nenit 1 të këtij ligji janë Ministria e Shëndetësisë dhe Ministria e Punës dhe e Politikës Sociale.

Neni 5

Republika e Maqedonisë së Veriut huan sipas nenit 1 të këtij ligji do ta paguajë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**3226.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за студентскиот стандард,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 октомври 2020 година.

Бр. 08-3561/1
9 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД**

Член 1

Во Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен

весник на Република Северна Македонија“ број 124/19), во член 32 по ставот (5) се додаваат шест нови ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11), кои гласат:

„(6) Во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), на студентите кои конкурирале на конкурсот од членот 24 став (2) од овој закон и им се одобрени барањата за сместување во студентски дом и следат настава со физичко или комбинирано присуство, а заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат во студентски дом, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое се одвиваат студиите.

(7) Владата донесува одлука за утврдување на висината на трошоците за сместување и превоз на студентите од ставот (6) на овој член, но не повеќе од 6.000 денари месечно.

(8) За плаќање на месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, студентот се пријавува на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk и ги внесува следниве податоци и докази: име и презиме, ЕМБГ, е-маил адреса, доказ дека конкурирал на конкурсот од членот 24 став (2) од овој закон, изјава од студентот дека ја следи наставата со физичко или комбинирано присуство, договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи, сметка на закуподавецот и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци на студентот.

(9) За плаќање на месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое се одвиваат студиите, студентот се пријавува на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk и ги внесува следниве податоци и докази: име и презиме, ЕМБГ, е-маил адреса, доказ дека конкурирал на конкурсот од членот 24 став (2) од овој закон, изјава од студентот дека ја следи наставата со физичко или комбинирано присуство, месечна карта за превоз од местото на живеење до местото во кое се одвиваат студиите, сметка на студентот и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци на студентот.

(10) Средствата од ставовите (8) и (9) на овој член, се исплаќаат за времетраењето на вонредните околности од ставот (6) на овој член.

(11) Министерството, по извршената проверка на податоците и доказите од ставовите (8) и (9) на овој член, во рок од 20 дена од денот на пријавувањето на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, на студентот на кој му е одобрено барањето преку е-маил адрестата го известува дека му се одобруваат средства за покривање на трошоците за приватно сместување кои ќе се уплатат на сметката на закуподавачот наведена во договорот за закуп, односно дека му се одобруваат средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое се одвиваат студиите, кои ќе се уплатат на неговата сметка.”.

Ставот (6) станува став (12).

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT TË STANDARDIT STUDENTOR**

Neni 1

Në Ligjin e Standardit Studentor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 15/13, 120/13, 41/24, 146/13, 30/16, 178/16, 64/18 dhe 20/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 124/19), në nenin 32, pas paragrafit (5), shtohen gjashtë paragrafë të rinj (6), (7), (8), (9), (10) dhe (11), ku shkruan:

“(6) Në kushte të rrethanave të jashtëzakonshme (konstatim të ekzistimit të gjendjes së krizës, shpallje të epidemisë, përkatësisht pandemisë, zjarre, vërshime ose fatkeqësi të tjera natyrore të mëdha), studentëve që kanë konkurruar në konkursin nga neni 24 paragrafi (2) i këtij ligji, e që u janë miratuar kërkesat për vendosje në konviktin studentor dhe ndjekin mësim me prani fizike apo të kombinuar, e për shkak të numrit të zvogëluar të shtretërve nuk mund të vendosen në konviktin studentor, u

paguhet shumë mujore e mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private ose shumë mujore e mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku mbahen studimet.

(7) Qeveria merr vendim për përcaktimin e lartësisë së shpenzimeve për vendosje dhe transport të studentëve nga paragrafi (6) të këtij neni, por jo më shumë se 6.000 denarë në muaj.

(8) Për pagesën e shumës mujore të mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private, studenti regjistrohet në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk ku i shënon të dhënat dhe dëshmitë vijuese: emrin dhe mbiemrin, NVAQ-në, adresën e-mailit, dëshminë se ka konkurruar në konkursin nga neni 24 paragrafi (2) i këtij ligji, deklaratën se e ndjek mësimin me prani fizike apo të kombinuar, marrëveshjen e qirasë me qiradhënësin, të verifikuar te noteri dhe të paraqitur në Drejtorinë e të Hyrave Publike, llogarinë e qiradhënësit dhe deklaratën për dhënie pëlqimi për përpunimin e të dhënave personale të studentit.

(9) Për pagesën e shumës mujore të mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku mbahen studimet, studenti regjistrohet në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk ku i shënon të dhënat dhe dëshmitë vijuese: emrin dhe mbiemrin, NVAQ-në, adresën e-mailit, dëshminë se ka konkurruar në konkursin nga neni 24 paragrafi (2) i këtij ligji, deklaratën se e ndjek mësimin me prani fizike apo të kombinuar, biletën mujore për transport nga vendbanimi deri në vendin ku mbahen studimet, llogarinë e studentit dhe deklaratën për dhënie pëlqimi për përpunimin e të dhënave personale të studentit.

(10) Mjetet nga paragrafët (8) dhe (9) të këtij neni paguhen gjatë kohëzgjatjes së rrethanave të jashtëzakonshme nga paragrafi (6) i këtij neni.

(11) Ministria, pas kontrollit të kryer të të dhënave dhe dëshmive nga paragrafët (8) dhe (9) të këtij neni, në afat prej 20 ditësh nga dita e regjistrimit në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk, në adresën elektronike, e njofton studentin të cilit i është miratuar kërkesa, se i miratohen mjetet për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private të cilat do të paguhen në llogarinë e qiradhënësit të shënuar në marrëveshjen e qirasë, përkatësisht se i miratohen mjetet për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku mbahen studimet, të cilat do të paguhen në llogarinë e tij.

Paragrafi (6) bëhet paragrafi (12).

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut ".

---

**3227.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за ученичкиот стандард,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 октомври 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3562/1 | Претседател на Република |
| 9 октомври 2020 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

Член 1

Во Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2005, 117/2008, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19), во член 49 по ставот 5 се додаваат шест нови ставови 6, 7, 8, 9, 10 и 11, кои гласат:

„Во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), на учениците кои конкурирале на

конкурсите од членот 27 ставови 1 и 2 од овој закон и следат настава со физичко или комбинирано присуство и им се одобрени барањата за сместување во ученички дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат во ученички дом, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан ученикот.

Владата донесува одлука за утврдување на висината на трошоците за сместување и превоз на учениците од ставот 6 на овој член, но не повеќе од 6.000 денари месечно.

За плаќање на месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, ученикот се пријавува на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk и ги внесува следниве податоци и докази: име и презиме, ЕМБГ, е-маил адреса, доказ дека конкурирал на конкурсот од членот 27 ставови 1 и 2 од овој закон, изјава од ученикот дека ја следи наставата со физичко или комбинирано присуство, договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи, сметка на закуподавецот и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци на ученикот.

За плаќање на месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан, ученикот се пријавува на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk и ги внесува следниве податоци и докази: име и презиме, ЕМБГ, е-маил адреса, доказ дека конкурирал на конкурсот од членот 27 ставови 1 и 2 од овој закон, изјава од ученикот дека ја следи наставата со физичко или комбинирано присуство, месечна карта за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое се запишан ученикот, сметка на ученикот и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци на ученикот.

Средствата од ставовите 8 и 9 на овој член, се исплаќаат за времетраењето на вонредните околности од ставот 6 на овој член.

Министерството, по извршената проверка на податоците и доказите од ставовите 8 и 9 на овој член, во рок од 20 дена од денот на пријавувањето на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk, на ученикот на кој му е одобрено барањето, преку е-маил адресата го известува дека му се одобруваат средства за покривање на трошоците за приватно сместување кои ќе се уплатат на сметката на закуподавачот наведена во договорот за закуп, односно дека му се одобруваат средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан ученикот, кои ќе се уплатат на неговата сметка.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR STANDARDIN E NXËNËSVE**

Neni 1

Në Ligjin për Standardin e Nxënësve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 52/2005, 117/2008, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 dhe 20/19, në nenin 49, pas paragrafit 5 shtohen gjashtë paragrafë të rinj 6, 7, 8, 9, 10 dhe 11, ku shkruan:

“Në kushte të rrethanave të jashtëzakonshme (konstatim të ekzistimit të gjendjes së krizës, shpallje të epidemisë, përkatësisht pandemisë, zjarre, vërshime ose fatkeqësi të tjera natyrore të mëdha), nxënësve që kanë konkurruar në konkurset nga neni 27 paragrafët 1 dhe 2 të këtij ligji dhe ndjekin mësim me prani fizike apo të kombinuar, e që u janë miratuar kërkesat për vendosje në konviktin e nxënësve, por për shkak të numrit të zvogëluar të shtretërve nuk mund të vendosen në konviktin e nxënësve, u paguhet shumë mujore e mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private ose shumë mujore e mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku ndodhet shkolla e mesme në të cilën nxënësi është regjistruar.

Qeveria merr vendim për përcaktimin e lartësisë së shpenzimeve për vendosje dhe transport të nxënësve nga paragrafi 6 i këtij neni, por jo më shumë se 6.000 denarë në muaj.

Për pagesën e shumës mujore të mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private, nxënësi regjistrohet në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk ku i shënon të dhënat dhe dëshmitë vijuese: emrin dhe mbiemrin, NVAQ-në, adresën e-mailit, dëshminë se ka konkurruar në konkursin nga neni 27 paragrafët 1 dhe 2 të këtij ligji, deklaratën se e ndjek mësimin me prani fizike apo të kombinuar, marrëveshjen për qira me qiradhënësin

të verifikuar te noteri dhe të paraqitur në Drejtorinë e të Hyrave Publike, llogarinë e qiradhënësit dhe deklaratën për dhënie pëlqimi për përpunimin e të dhënave personale të nxënësit.

Për pagesën e shumës mujore të mjeteve për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku ndodhet shkolla e mesme në të cilën është regjistruar, nxënësi regjistrohet në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk ku i shënon të dhënat dhe dëshmitë vijuese: emrin dhe mbiemrin, NVAQ-në, adresën e-mailit, dëshminë se ka konkurruar në konkursin nga neni 27 paragrafët 1 dhe 2 të këtij ligji, deklaratën se e ndjek mësimin me prani fizike apo të kombinuar, biletën mujore për transport nga vendbanimi deri në vendin ku ndodhet shkolla e mesme në të cilën nxënësi është regjistruar, llogarinë e nxënësit dhe deklaratën për dhënie pëlqimi për përpunimin e të dhënave personale të nxënësit.

Mjetet nga paragrafët 8 dhe 9 të këtij neni, paguhen gjatë kohëzgjatjes së rrethanave të jashtëzakonshme nga paragrafi 6 i këtij neni.

Ministria, pas kontrollit të kryer të të dhënave dhe dëshmive nga paragrafët 8 dhe 9 të këtij neni, në afat prej 20 ditësh nga dita e regjistrimit në platformën e internetit www.digitalizirajse.mon.gov.mk, në adresën elektronike, e njofton nxënësin të cilit i është miratuar kërkesa, se i miratohen mjetet për mbulimin e shpenzimeve për vendosje private të cilat do të paguhen në llogarinë e qiradhënësit të shënuar në marrëveshjen e qirasë, përkatësisht se i miratohen mjetet për mbulimin e shpenzimeve për transport nga vendbanimi deri në vendin ku ndodhet shkolla e mesme në të cilën nxënësi është regjistruar, të cilat do të paguhen në llogarinë e tij.”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**3228.**

Врз основа на членот 21 став (2) од Деловникот на Собранието на Република Македонија и членот 17 став (2) од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Собранието на Република Северна Македонија има пет потпретседатели.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3596/1 | Претседател на Собранието |
| 14 октомври 2020 година | на Република Северна |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Talat Xhaferi,** с.р. |

---

Në bazë të nenit 21 paragrafi (2) të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë dhe nenit 17 paragrafi (2) të Ligjit të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 104/2009 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 14/20), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 14 tetor 2020, mori:

**V E N D I M**
**TË PËRCAKTIMIT TË NUMRIT TË NËNKRYETARËVE TË KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Neni 1

Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut ka pesë nënkryetarë.

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08-3596/1 | Kryetari i Kuvendit të Republikës |
| 14 tetor 2020 | së Maqedonisë së Veriut |
| Shkup | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51
в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622

2020248

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.